ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 08-1016/1
23-01-2019 201__ год.
СКОПЈЕ

---

# ПОЛИТИКА НА ЈАВНИ НАБАВКИ

---

**Предговор на Директорот**

Ми претставува особено задоволство што за прв пат во историјата на постоењето на нашата институција, ја воведувам нашата нова политика за јавни набавки, која претставува основа како ќе управуваме со трошењето финансирано од сопствени средства со пазарите на снабдување.

Како единствена институција во Република Македонија која во своја надлежност ја има изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на државните патишта, работиме на скала која бара доследна примена на транспарентни набавки и политики и процедури за синџирот на снабдување, што ќе ни помогне да ја достигнеме бараната вредност и да ги избегнеме клучните оперативни, здравствени и безбедносни, правни и комерцијални ризици.

Преку континуирано подобрување на нашите практики во спроведувањето на јавните набавки имаме можност да генерираме подобри парични текови во работењето и повторно да инвестираме во подобрување на патната инфраструктура во Република Македонија и да бидеме двигател во подобрувањето на условите за забрзан економски развој.

.....................................

Зоран Китанов

Директор на Јавно претпријатие за државни патишта

23.01.2019 година

**Политика на јавни набавки**

Документот Политика на јавни набавки („Политиката“) важи за сите вработени во Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) во секоја ситуација кога истите се вклучени во постапките за јавна набавка финансирани од сопствени средства, од доставување на барањето за набавка на стоки, услуги или работи се до одобрување на плаќањата.

Придржувањето до Политиката е истовремено и индивидуална и организациска одговорност. Секое намерно прекршување на оваа Политика може да претставува основа за дисциплински престап.

Целите на Политиката на јавни набавки може да се најдат на интранет, интернет страната на ЈПДП, може да се цитираат во годишните извештаи и публикации издадени од ЈПДП и да бидат достапни на сите потенцијални добавувачи.

Политиката на јавни набавки го обврзува Јавното претпријатие за државни патишта и сите поединци вклучени во процесите за јавни набавки во рамки на организацијата, при спроведување на постапките за јавни набавки да вложат максимални напори со цел да обезбедат активностите за набавка и активностите при спроведување на договорот да се:

1) Во согласност со сите важечки закони во Република Македонија, важечки подзаконски акти и кодекси на однесување

2) Во согласност со меѓународното право, меѓународните спогодби и договори во кои што Владата на Република Македонија е договорна страна

3) Особено во согласност со:

   - Важечкиот Закон за јавните набавки и сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот
   - Важечкиот Закон за спречување на корупцијата
   - Важечкиот Закон за спречување судир на интереси
   - Важечкиот Закон за облигационите односи
   - Важечкиот Закон за безбедност и здравје при работа
   - Важечкиот Закон за заштита на личните податоци
   - Важечките закони од областа на заштита на животната средина
   - Прописите за корпоративна и општествена одговорност

4) Проверени и поддржани од внатрешните системи (рачни и електронски) со цел да се зачуваат документирани докази и да обезбедат оправданост на процесите за јавни набавки

5) Спроведени професионално, во согласност со важечките Процедури за јавни набавки, од страна на овластен и обучен кадар во Секторот за јавни набавки, според оперативниот модел и делегирањето на овластувањата

6) Спроведени врз основа на највисоките стандарди на деловна етика, интегритет и транспарентност со јасна поделба на должностите

7) Управување со деловната вредност преку подобрување на техничките спецификации со цел поттикнување на конкуренцијата на пазарот, агрегирање на целокупната побарувачка во претпријатието, максимално искористување на пазарната интелигенција, надминување на ризиците во синџирот на снабдување и минимизирање на трошоците на животниот циклус

Во рамки на законските можности, Јавното претпријатие за државни патишта ќе ангажира добавувачи и изведувачи кои во своето работење се водат од истите принципи наведени во оваа Политика.